Кочо СИДОВСКИ

# ПРИЛОГ КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ТРГОВСКАТА ПОЛИТИКА НА ИТАЛИЈА КОН ОСМАНСКАТА ИМПЕРИЈА СО ПОСЕБЕН АСПЕКТ КОН МАКЕДОНИЈА (1870—1903 ГОДИНА)

Со присоединувањето на Рим во 1870 год. се завршила борбата за обединување на Италија. Со самото тоа завршила целата епоха на буржоаско-националните движења, револуции и војни. Земјата оттогаш влегла во нова фаза на својот историски развиток.

Внатрешните политички односи давале одраз и во надворешната политика на Италија.

Во предвечерието на империјалистичката епоха отворената ожесточена борба за територијално разделување на светот ја побудила италијанската буржоазија, почнувајќи од крајот на 70-тите години, да ја активира својата надворешна политика. Од друга страна, нея ја туркала самата нејзина неспособност да ги разреши редицата проблеми на внатрешниот живот на земјата, кои станувале сѐ поостри.

Активната надворешна политика, насочена кон создавање на опширна колонијална империја, станувала во очите на господарските класи не само прашање на „националниот престиж, но и средство да си ги осигури своите социјални привилегии".

Меѓутоа и покрај силните настојувања на италијанската дипломатија, политичките позиции на Италија во однос на Османската империја во дадениот момент не зајакнале. Во таа смисла италијанските публицисти и политички дејци често пишувале и зборувале во почетокот на XX век за тоа дека Италијанците „пристигнувале во Османската империја последни" и дека таму ним им оставале само трошки од празната маса, на која величенствено се наситувале другите капиталистички држави. Во тоа, навистина, економски заостанатата и слаба Италија во суштина не можела да создаде за себе во Османската империја некоја позначителна позиција.

Основните реони на италијанската експанзија во почетокот на XX век па и во првата деценија на истиот век биле западните делови на европскиот дел на Османската империја, потоа Либија, во помал степен Сирија и Палестина.

Проникнувањето на Италија во Османската империја било тешка задача. Таму веќе „работеле“ крупните европски банки, големите капиталистички држави веќе вложиле во таа земја повеќе стотини милиони обезбедувајќи си за себе господарска економска и политичка положба. Тие помалку од сè сакале да го пуштат оттука добиеното. Иако во Османската империја имало италијански претпријатија, тие воглавно им припаѓале на емигрантите[1].

Од друга страна сепак треба да се истакне дека обединувањето на Италија во 1870 година позитивно се одразило врз развитокот на трговските врски на Италија со Османската империја односно Македонија. Единствениот пазар на Италија чувствувал сè поголема потреба од суровини за развитокот на својата индустрија а во исто време и за извоз на одделни индустриски производи во Османската империја.

Развитокот на турско односно македонско-италијанските економски односи во периодот од обединувањето на Италија, па понатаму, бил определуван освен од другите фактори исто така и од карактерот на трговската политика на Италија спрема Османската империја, бидејќи Македонија која била под власта на Османската империја била принудена да биде под влијание на таквата политика.

Развитокот на трговските врски помеѓу Македонија и Италија, по обединувањето на последната до Илинденското востание во 1903 година, зависел од низа суштествени услови, кои биле стриктно поврзани со овие врски. Развитокот на трговските врски пред сè зависел од општите услови на трговските врски помеѓу Италија и Османската империја, кои влијаеле поволно врз македонско-италијанските трговски односи.

По ослободувањето и обединувањето Италија сè повеќе се стремела на овој дел од Балканот да ги засили своите позиции и интереси и да ја зголеми трговската размена. Во низа македонски центри почнале да се отвораат италијански конзулати и вице-конзулати. Италијанските дипломати во Македонија одиграле голема улога во правилното ориентирање на вистинската положба во Македонија. Во ова време се зголемува увозот и извозот со Италија. Италија започнала да внесува воглавно индустриска стока, а да извезува производи на индустриските култури. Започнува периодот на италијанската индустриска експанзија во Османската империја.

Историјата на италијанската индустриска експанзија во Османската империја, под чија власт се наоѓала и Македонија во крајот на XIX и почетокот на XX век, била историја на малку успеси и доста порази. Овие последните биле предизвикани од жестоката конкуренција на порано утврдените на овој терен посилни империјалистички држави, а освен ова најглавното, слабоста и оскудноста на италијанската експанзија, нејзината неорганичност за Италија. Сепак таа била земја, во која потребата за извоз на капиталот уште не била дозреана, а самиот извоз во значителна мерка бил форсиран од владата.

[1] К. Э. Кирова, Итальянская экспанзия в Восточном Средиземноморье (в начале XX в.). Москва 1973, 30

Италијанската влада помагала на тоа, поголемиот дел од експортот да се упатува во земјите на Источното средоземноморје. Таа истапувала како иницијатор за отворање, од страна на италијанските паробродски компании, навигациони линии во тој регион и ги супсидирала нивните патувања на тие линии. По препорака на владата и со нејзина финансиска помош во различните пунктови на Османската империја биле создавани италијански трговски агентства. Но вниманието на италијанските експортери и без владините „напатствија" се обрнувало кон земјите расположени во непосредно соседство со Италија, по зборовите на францускиот публицист Р. Пинон[2]. Покрај територијалната блискост италијанските купувачи и стопанственици во Османската империја ги привлекувале беззаштитноста на полуколонијалната земја, сврзана со режимот на капитулации и со што таа немала возможност да ја заштити својата тогаш појавена индустрија од увозот на странските стоки.

Развитокот на стопанството во Италија и во Осмаската империја во текот на последните децении на XIX и почетокот на XX век давал реални можности да се развијат помеѓу нив раширени заемни трговски врски. Овие трговски врски во својата суштина зависеле од ред елементи кои го условиле нивниот пораширен развиток. Во прв ред тука спаѓала трговската политика, оној регулатор на надворешната трговија на секоја земја, на нејзините врски со останатите држави. Би дејќи Македонија се наоѓала во составот на Османската империја таа се вклопувала и била зависна од општта политика на империјата. На тој начин Македонија влегувала во трговско политичките односи на Османската империја со Италија.

По Кримската војна (1853—1856) западноевропските капиталистички држави, за да ги зачуваат и да ги утврдат своите привилегии во Турција и пред сè својата доминантна положба во турското стопанство, заклучиле со неа поволни трговски договори. Во текот на 1861—1862 година неколку капиталистички држави успеале да извлечат од Високата порта, преку склучените трговски договори, поволни концесии за слободна трговија и пловидба. Со овие договори им се признало на странските држави правото слободно да увезуваат и да извезуваат стока од Османската империја. Со тие договори увозните такси биле фиксирани на 8%, а додека извозните од 8% се намалувале за 1% секоја година, така што на крајот на осмата година опфаќале само1%. Транзитната царина се намалила на 2%. Со право е забележано дека имено со овие договори се определувала трговската политика на Османската империја[3].

Настојувања за заклучување на поволен трговски договор со Османската империја пројавувала и Италија. Овие настојувања резултирале со успех во 1861 година. На 10 јули истата година во Цариград

---

[2] R. Pinon, L'Europe et L'Emptre Ottoman. Paris 1913, 340.

[3] Д. А. Новичев, Очерки економики Турции до Мировой Войны. Москва — Ленинград 1937, 182—183. Цитирано според: Христо Андонов-Полјански, Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората цоловина на XIX век. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје) 15 (1963), 177.

бил склучен трговски договор помеѓу Османската империја и Италија. Се предвидувала негова ратификација во рок од два месеци, а стапување во сила од 1 октомври 1861 година. Договорот содржи 23 члена[4]. Содржината на договорот била базирана врз основа на договорот за трговија и пловидба помеѓу Сардинија и Високата порта склучен во Цариград на 2 септември 1839 година ратифициран во 1840[5].

Во овој договор е нагласено дека истиот претставува неопходна мерка за поволната трговија и пловидба помеѓу двете држави. Дадените од порано права и привилегии со клаузулите, договорите и капитулациите склучени помеѓу Османската империја и државите, кои во тој момент влегувале во составот на италијанското кралство, биле потврдени.

Со овој договор било подвлечено правото на италијанските поданици слободно да внесуваат и да извезуваат стока за Османската империја. Потоа, детално е прецизирано прашањето за италијанските трговци, кои можеле слободно да купуваат турска стока и да ја препродаваат во внатрешноста на империјата со плаќање на соодветна такса. За внесената италијанска стока се плаќа единствена царина од 8% од нејзината вредност. Извозната царина изнесувала 8% но таа се намалувала секоја година, така што на осмата година изнесувала 1%. Вносната стока можела да се внесува во сите делови на Османската империја без исклучок. Се предвидувала можноста дека стоката може да се ре експортира за време од шест месеци и тоа за транзит.

Во овој договор исто така е подвлечен односот на Високата порта спрема транзитната трговија. Сè подвлекува намерата на Портата да фаворизира таква трговија и да за нејзиниот поволен развиток дава потребни концеси. Транзитната такса од 3% се редуцирала на 2%. Се предвидува можноста италијанските трговци да ги уживаат истите права како и останатите странски трговци. Во овој договор е воведена и одредбата за оспоруање правото на италијанските трговци слободно да можат тутунот и солта да ги внесуваат во империјата. Се предвидуват и одредби во врска со впловувањето и исловувањето на италијанските бродови во отоманските пристаништа. Исто така за преминот низ Дарданелите и Босфорот се предвидувало што помало возможно задоцнување. При доаѓањето во пристаништата на Османската империја капетаните на бродовите биле должни да остават во депозит во Царината копие од своите документи. На крајот се прецизираат и завршните одредби на договорот. Заклучениот договор имал важност 28 години од денот на размената на ратификационите документи. Се предвидувале и модификации што би се појавиле во тек на време, но тие да бидат извршени во рок на 14 и на 21 година. Посебно се предвидува да се оформи комисија од Високите странки договорнички за установување тарифа за царинските такси на стоките внесени од Италија и извезени од Османската империја. Важноста на тарифата се установило

[4] Договорот е објавен во Aristarchi Bey (Grégoire), Législation Ottomane IV Constantinople, 1874 282—291.

[5] Ibidem, 266—271.

да биде во сила седум години од датата на потпишувањето. Секоја странка договорничка имала право да побара ревизија на тарифата. Меѓутоа, тарифата и натаму сукцесивно, во рок од седум години, продолжувала да биде во сила[6].

По истекот на 21 година од заклучувањето на трговскиот договор, во 1883 година одново се разгледувале прашањата што биле поврзани со договорите, а исто така и со царинската тарифа. Во наведената година Османската империја настојувала за ревизија на сите договори. Се инсистирало на диференцијалната тарифа во зависност од стоката, како и на зголемувањето на увозната царина од 8% на една граница од 3—20%[7].

Во 1890 година кога истекнувал 28 годишниот трговски договор помеѓу Османската империја и Италија, а и останатите земји, турската влада настојувала кај големите сили да се обноват трговските договори. За таа цел кај турското Министерство за надворешни работи во Цариград било отворено специјално трговско одделение, кое имало за задача да ги изучува прашањата што се однесувале за трговските договори и за состојбата на турските производи по однос на странските[8]

Меѓутоа, од податоците што ни се на располагање не можевме да констатираме дали бил склучен нов турско-италијански трговски договор во овој период.

И покрај ова, понапред споменатите трговски договори преставувале суштествен дел во трговската политика на Италија и на Османската империја. Тие од друга страна претставувале многу значаен фактор за подобро поставување на основите на трговските врски помеѓу Италија и Османската империја во периодот од 1870 до 1903 година а и потоа.

Значајна улога во проширувањето на трговските врски меѓу Италија и Османската империја односно Македонија играле трговските комори кои се основни регулатори на трговската дејност. Преку нив се регулирале сите основни прашања што биле поврзани со заштитата на обостраните интереси во трговијата. Преку активноста на трговските комори можело да се следи проширувањето на италијанско-турските трговски врски. Во зависност од дејноста што ја пројавувале сличен бил и нивниот однос во врска со прашањето за развитокот на италијанско-турските трговски врски. Но, секако, нивната дејност претставувала позитивен чекор за доизјаснување на ред прашања во меѓусебните италијанско-турски трговски врски.

За развитокот на трговските врски меѓу Италија и османската империја односно Македонија големо влијание играл и начинот на водењето на трговската размена.

Во трговската размена помеѓу Италија и Османската империја односно Македонија, особена улога имале турските увозно-извозни фирми, комисиони и шпедиции. Целата оваа размена, всушност, за-

[6] Idem, 282—291.

[7] Христо Андонов-Полјански, Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје), 15 (1963), 177.

[8] Ibidem, 181.

висела од заклучените трговски договори. Лиферувањето на стоката, како и плаќањето, исто така се вршеле според заклучените договори. Покрај домашните фирми, особено во Цариград, Солун и Смирна имало и странски кои сè повеќе имале монополска положба во трговијата, како увозна, така извозна. Воопшто, трговските зделки се одвивале преку нив или преку домашните фирми. Попознати увозно-извозни фирми во Солун биле: Браќата Алатини, Модијано, Сапорта и други. Некои покрупни трговски фирми биле раководени и од Македонци[9]

Обично, врските на овие фирми со странските се усогласувале преку комисионери. Нивните односи биле регулирани со постојниот трговски закон. Во него нивните права и задолжувања подробно се изложени. Стоката од странство се порачувала од комисионерите и при пристигнување се распределувала на месните фирми или се испраќала за внатрешноста. Иста улога имале и комисионерите со сурови стоки што ги прибирале од внатрешноста и ги испраќале преку пристаништата за определената земја. Нивната улога била особено значајна во трговијата на Османската империја, особено во надворешната трговија. Тие работеле за изнаоѓање на пазари, за покупна продажба и друго. Целиот успех на зделките зависел од комисионерите Имало комисионери од разни народности. Така, попознати комисионери во Солун биле: Д Д Амбонети, Е. Бајона, Д. Ферандез и Сциаки, Модиани и Ко, и други. Меѓу бројните комисионери имало и 24 Македонци, кои имале широки врски со внатрешноста. Дејноста на овие комисионери било особено раширена. Во Македонија тие имале филијали во Битола, Скопје, Прилеп, Штип, Велес и др. За своите услуги тие добивале провизија од купувачот и од продавачот[10].

Различни мерки се предвидувале и за транспортот. Обично транспортирањето се вршело преку шпедициите и шпедитерските фирми. Овие шпедиции развиле особена дејност во транспортирањетона стоката. Транспортирање по море се вршело од страна на поморските линии. Овдека се предвидувале и мерки околу пакувањето, кое зависело од тежината и размерот на товарот. Исто така се инсистирало на правилното пакување, заради тоа што утовоарот и истоварот на стоката се изведувал со човечка рака[11].

На овој начин се изведувала и италианската трговска размена со Османската империја.

Сите овие споменати фактори содејствувале и биле главни движечки услови, преку кои се одвивала целокупната италијанско - турска трговска размена.

---

[9] Види: Renner, Der Aussenhandel der Türkei von dem Welt kriege, 272—273. Цитирано според Христо Андонов-Полјански, Условите и системот на трговската организаuија во трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 16 (1964), 83.

[10] Христо Андонов-Полјански, Условите и системот на трговската организација во трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората uоловина на XIX век. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 16 (1964), 83.

[11] Ibidem, 83—84.

Италија во Османската империја извезувала најразновидни стоки — во основа преработки на лесната и прехранбената индустрија. Во Османската империја се увезувале италијански конзерви, кибрити хартија, долна облека, волнени и свилени ткаенини. Главна ставка на италијанскиот експорт во Османската империја, сепак, неизменето останувале памучните ткаенини и прегата. Ова се објаснувало со тоа што протекционистичката тарифа, дејствувајќи во Италија од 1887 година, била мошне поволна за италијанската памучна индустрија[12]

Како резултат на ова во италијанската текстилна индустрија изникнал своевиден „бум" и текстилните фабрики биле градени на полуостровот во почетокот на XX век, во бројност кој свесно ги надминувал потребите на внатрешниот пазар. Што туку изникати, тие биле принудени да бараат пазари за продажба[13].

Интересно е да се спомене мислењето на К. Е. Кирова во врска со квалитетот на италијанските текстилни стоки која вели: „Кај Италијанците слични традиции и немало (како кај Англичаните — забелешка наша); и тие ги „биеле рекордите" со лоши работи. Ткаенините, извезувани од нив во Османската империја, или биле специјално изработувани за Исток од многу ниски видови, или просто едноставно — шкартот на текстилната индустрија. Нивната ниска цена исто така во сообразност со локалните услови била „совршено исклучителна"[14].

Според податоците на Панафидин, францускиот експорт во Османската империја пораснал од 1900 до 1905 година за 3,2%, англискиот за 13,7%, германскиот за 70% и италијанскиот за 80,6%. Турскиот експорт во Италија пораснал во тие години за 69,9%, во Германија за 37,6%, во Австро—Унгарија за 18,7%, во Русија за 10%, во Англија за 3,8%, а во Франција се намалил за 1,5%[15].

Според некои успехот на Италија се должел на нискиот квалитет на ткаенините а и на блискоста на италијанските градови—производители до морето, односно блискоста на Италија до Осмаоската империја, што ја намалувало вредноста на превозот на стоките итн.[16]

Сепак и покрај ваквиот пораст на италијанско-турската трговска размена, којшто бил предизвикан од извесниот економски подем што настанал во Италија во почетокот на XX в., во понатамошните години таа ќе дојде до извесна стагнација. За тоа постоеле и определени причини. Завршувањето на индустрискиот преврат и задоцнетото оформување на развиеното капиталистичко стопанство во Италија се совпаднале со времето на преминот на земјата, — како и на целиот светски капиталистички систем, во империјалијстичката фаза на развиток. Италијанскиот капитализам, според фигуративното изразување на видниот деец на меѓународното комунистичко и синдикално движење Ди Виторио, личел: „на младич, кој не доживувајќи ја добата на зрелоста и развојот, се

[12] К. Э. Кирова, op. cit., 48.
[13] Ibidem, 49.
[14] Idem, 50.
[15] Id., 50.
[16] Id., 50.

претворил во изнемоштен бессилен старец“[17]. Одвај успевајќи да се оформи, тој ги доби сите оние карактеристични црти, кои ја претставуваат суштината на империјализмот како монополистичен, паразитски и капитализам што пропаѓа.

Како што изложивме погоре, во рамките на таквите интензивни трговски врски меѓу Османската империја и Италија, се одвивала и размената меѓу Македонија и Италија, која сè повеќе се засилувала по обединувањето на Италија во единствена држава во 1870 год. кога продолжил и континуитетот во трговската размена меѓу овие две земји. Но за ова друг пат.

* * *

Како заклучок може да се каже дека обединувањето на Италија во 1870 год. позитивно се одразило врз развитокот на трговските врски на Италија со Османската империја односно Македонија. Единствениот пазар на Италија чувствувал сè поголема потреба од суровини за развитокот на својата индустрија а во исто време и за извоз на одделни индустриски производи во Османската империја.

Развитокот на турско односно македонско-италијанските економски односи во периодот од обединувањето на Италија, па понатаму, бил определуван освен од другите фактори исто така и од карактерот на трговската политика на Италија спрема Османската империја, бидејќи Македонија која била под власта на Османската империја била принудена да биде под влијание на таквата политика.

Развитокот на трговските врски помеѓу Македонија и Италија, по обединувањето на последната во 1870 година до Илинденското востание во 1903 година, зависел од низа суштествени услови, кои биле стриктно поврзани со овие врски. Развитокот на трговските врски пред сè зависел од општите услови на трговските врски помеѓу Италија и Османската империја, кои поволно влијаеле врз македонско-италијанските трговски односи.

[17] З. П. Яхимович, Итало-турецкая война 1911—1912 г. Москва., 1977, 20

Kočo Sidovski

# CONTRIBUTO ALLA QUESTIONE DELLA POLITICA COMMERCIALE ITALIANA VERSO L'IMPERO OTTOMANO CON PARTICOLARE RIGUARDO VERSO LA MACEDONIA (1870—1903)


(Riassunto)

L'unita d'Italia dopo il 1870 ebbe riflessi positivi sull' evoluzione delle relazioni commerciali con l'Imprero Ottomano e, per quel che interessa l'autore, con la Macedonia. Il mercato, ora uno solo in tutta Italia, avvertiva la necessita sempre maggiore di materie prime per lo sviluppo dell'industria e al tempo stesso anche per l'esportazione di vari prodotti industriali verso l'Impero Ottomano.

Lo sviluppo delle relazioni economiche fra l'Italia e l'Impero Ottomano ovvero la Macedonia, fu determinato, fra le altre cose, anche dal carattere della politica commerciale italiana nei confronti dell'Impero Ottomao poiché la Macedonia, che si trovava sotto l'Impero Ottomano, era costretta a subire l'influsso di un tale politica.

Lo sviluppo delle relazioni commerciali fra la Macesonia e l'Italia dal momento dell'unita di quest' ultima e fino al la sommossa di Sant'Elia (Ilinden) del 1903 era collegata ad una seria di condizioni fondamentali in stretto rapporto con quelle relazioni.

Lo sviluppo delle relazioni commerciali dipendeva prima di tutto dalla situazione generale delle relazioni commerciali tra l'Italia e l'Impero Ottomano, che in maniera eccezionale influenzavano le relazioni commerciali macedone-italiani.